Врз основа на член 36 од Статутот на Сојуз на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија, и Деловникот за работа на Управниот одбор на СЗДСМ, на седницата одржана на 22.05.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА ЗА**
**РЕГИСТЕР НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ЛИЦА СО ДИЈАБЕТЕС**
**ВО СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ДИЈАБЕТИЧАРИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Управниот одбор на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија (СЗДСМ), го утврдува Регистарот на Здруженија на лица со дијабетес во Сојузот на дијабетичари на Северна Македонија.

Регистерот на здруженија во СЗДСМ, се води како единствен регистер на здруженија на лица со дијабетес здружени во сојузот.

Регистерот ги содржи следните информации: сериски број, име, седиштето на здружението, име и презиме и адреса на лицето овластено за застапување, контакт телефон, електронска пошта, матичен број на здружението, даночен број и проверка на трансакциона сметка.

Составен дел на Регистарот на листа на членовите на СЗДСМ во регистарот на членови која ги вклучува следниве информации: број, име татково име и презиме, датум на раѓање, датум на пристапување, локација и адреса, пол, информации за првата регистрација во СЗДСМ, категорија на членство, податоци за активности и достигнувања во СЗДСМ.

Член 2

Здруженијата кои се запишани во Регистарот на СЗДСМ, се полноправни членки на Сојуз на извидници на Македонија со сите права кои произлегуваат од Законот, Статутот на СЗДСМ, прописи и други акти.

Член 3

Регистерот на СЗДСМ се води единствено во седиштето на сојузот и се класифицирани по општини и градови.

Чувањето и ажурирање на регистерот на СЗДСМ го води Секретарот на СЗДСМ.

Член 4

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Член 5

Оваа одлука се доставува и во електронска и писмена форма до сите здруженија на лица со дијабетес кои се запишани во регистарот во Централен регистер на Македонија.

Штип,
22.05.2021 г.

Претседател на СЗДСМ,
Димче Велев